РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 – 667/2
09-06-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 70-та седница одржана на 09.06.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-667/1 од 30.01.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. Пријавата со придружните списи да се доставaт до МВР – Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на надлежно постапување.

Предметот со број 12-667/1 од 30.01.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 30.01.2020 година, доставена е пријава против ---------------------------- вработена во МВР централни полициски служби, оддел за криминалистичко-технички испитувања и вештачења Скопје, за сторени пропусти и самоволно постапување при вештачење во постапка против --------------------------------- - Струмица. Во пријавата се бара ДКСК да донесе решение со констатирани пропусти од страна на наведеното службено лице.

По разгледувањето на наводите од пријавата, ДКСК констатираше дека во конкретниот случај пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот закон, па согласно тоа ДКСК нема надлежност за постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**